Бр. 12-2571/7
06.05.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 33, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 32 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 74 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18,99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) на 14-та седница одржана на ден 06.05.2019 година, во присуство на овластен претставник на општина Шуто Оризари, Скопје - лицето Данчо Арсов со овластување бр. 09-597/3 од 03.05.2019 година издадено од градоначалникот на општина Шуто Оризари, како и во присуство на овластен претставник на подносителот на приговорот, полномошник адвокат Ружица Николовска од Скопје со уредно полномошно бр. 02-446/1 од 06.05.2019 година и на лицето Бојан Богоески од Скопје со уредно полномошно бр. 02-447/1 од 06.05.2019 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1) Сомневањата за прекршување на одредбата од членот од 8-6 од Изборниот законик и на одредбите од членовите 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се неосновани.

2) Приговорот поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања – ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, кај Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12 - 2571/1 од 02.05.2019 година, против Градоначалникот на општина Шуто Оризари, Скопје, за прекршување на одредбата од членот 8-6 од Изборниот законик и членот 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа Шуто Оризари од страна на Градоначалникот на Општината - користење на патничко моторно возило сопственост на Општината во период на изборната кампања за изборите за претседател на Република Северна Македонија и за предвремените избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар, СЕ ОДБИВА.

3) Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

4) Одлуката донесена во врска со постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој поднесен приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави до подносителот на приговорот и до лицето/јавната институција против кое/која е поднесен приговорот – Градоначалникот на - општина Шуто Оризари, Скопје.

5) Предметот број 12-2571 од 2019 година се затвора и се архивира.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 02.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен Приговор заведен со архивски број 12-2571/1 од 02.05.2019 година за прекршување на членот 8-6 од Изборниот законик и членот 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

интереси, од овластен подносител Генерален секретар Игор Јанушев, ВМРО-ДПМНЕ, (ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство) со седиште на Плоштад ВМРО бр.1, општина Центар, Скопје.

Постапувајќи согласно со член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК отвора постапка за утврдување на фактичката состојба по овој поднесен приговор.

Во Приговорот се содржани наводи за злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа - Шуто Оризари од страна на Градоначалникот на Општината, поради користење на патничко моторно возило сопственост на Општина Шуто Оризари, за остварување средби со граѓани од Крива Паланка во рамките на изборната кампања за Претседателски избори.

Во Приговорот подносителот бара од ДКСК да постапи согласно член 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да ги преземе сите потребни законски дејствија, да отвори постапка за утврдување на наведената фактичка состојба и да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи согласно член 33 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, приговорот со прилог документација го достави до јавната институција против која е поднесен, Општината Шуто Оризари во рок од 24 часа од приемот на приговорот, со писмено известување број 12-2571/2 од 02.05.2019 година, со напомена дека по наводите од приговорот може да се изјасни во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето, односно најдоцна до 04.05.2019 година (сабота) до 12,00 часот со достава на писмено изјаснување во Архивата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Истовремено, согласно член 33 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, јавната институција - Општината Шуто Оризари, против која е поднесен приговорот известена е дека ДКСК наводите од предметниот приговор ќе ги испита и ќе постапи по приговорот на јавна седница закажана за ден 06.05.2019 година во 13:00 часот и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува на јавната седница.

По повод поднесениот приговор, согласно член 33 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на закажаната јавна седница повикан е и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува и подносителот на приговорот.

На ден 03.05.2019 година, од страна на Општина Шуто Оризари доставено е писмено изјаснување.

Според Наводите на Приговорот и прилозите, извршена е злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа - Шуто Оризари од страна на Градоначалникот на Општината, поради користење на патничко моторно возило сопственост на Општина Шуто Оризари, за остварување средби со граѓани од Крива Паланка во рамките на изборната кампања за Претседателски избори. Со наведеното дејствие од страна на Градоначалникот на Општината, сторена е повреда на член 8-б од Изборниот законик и член 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на начин што на ден 29.04.2019 година Градоначалникот Курто Дудуш вршел политички активности поврзани со изборната кампања со употреба на патничко моторно возило, сопственост на Општина Шуто Оризари, за остварување средби со граѓани од Крива Паланка во рамките на изборната кампања за Претседателски избори.

Извршените политички активности, градоначалникот јавно ги прикажал на неговиот пост фејсбук на ден 29.04.2019 година, под назив„Ромите во Крива Паланка во недела ќе дадат поддршка за Стево Пендаровски".

Во добиеното изјаснување за наводите по Приговорот е наведено дека:

Подносителот на приговорот во прилог нема приложено материјални докази со кои ќе се докажат тврдењата наведени во самиот приговор , туку како доказ од негова страна доставена е фотокопија од објавена фотографија на која се гледаат граѓани во присуство на градоначалникот, но од истата не може да се заклучи дека средбата била остварена од ова лице во својство на градоначалник или во својство на претставник на политичка партија, како и не може да се заклучи дека средбата била остварена на денот кога тврди подносителот на приговорот, а на фотографијата на ниту едно место не се забележува партиски симбол или пак ознака на официјална средба во својство на градоначалник. Исто така, не може да се видат регистарските таблици на возилото за да се тврди дека службено возило било искористено за политички активности.

Од гореизнесеното утврдена е следната фактичка состојба: нема никакви докази за тоа кога бил одржан настанот и дека истиот бил поврзан со претстојните претседателски избори (не се забележува партиски симбол или пак ознака на официјална средба во својство на Градоначалник). Исто така, од објавената фотографија не може да се заклучи дека средбата била остварена на денот кога тврди подносителот на приговорот и не може да се видат регистарските таблици на возилото за да се тврди дека службено возило било искористено за политички активности.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата на јавната седница одржана на ден 06.05.2019 година, констатира дека не постои повреда на член 8-б од Изборниот законик и член 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите од приговорот не се потврдуваат, приговорот се одбива, а предметот да се затвори и да се архивира .

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Правна поука:

Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на приговорот и лицето/јавната институција против кое/која е поднесен приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на Одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот
- Општина Шуто Оризари